Архивски број: 08-150/ 5

03-04-2026 година

Постапувајќи по претставката бр.08-876/1 од 15.12.2025 година, поднесена од лицето --------------- од Скопје во име на --------------- татко на малолетното дете ---------------, против ---------------, за сторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, образование, попреченост и здравствена состојба во областа на образование, наука и спорт, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА, како и необезбедување на СООДВЕТНО ПРИЛАГОДУВАЊЕ** врз основа на попреченост и здравствена состојба во областа на образование, наука и спорт од страна на ---------------, --------------- и --------------- врз малолетното дете ---------------.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 15.12.2025 година лицето ---------------, во име на --------------- татко на малолетното дете --------------- кое е дете со попреченост поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата). Во претставката, подносителот наведува: „10-годишниот --------------- е дете со аутизам кое веќе година и половина е без образовен асистент, кој му следува по закон и поради тоа не посетува настава во основното училиште „ ---------------.

ООУ --------------- врз основа на барање бр. 08-150 од 29.01.2026 година на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, се изјасни по наводите од претставката и достави одговор бр.08-150/3 од 09.02.2026 година. Во одговорот на претставката се истакнува дека малолетното дете --------------- е редовно запишан и посетува настава во училиштето. Поради утврдени развојни потешкотии од аутистичен спектар, ученикот следел настава по модифицирана програма која била изготвена од страна на инклузивниот тим на училиштето со поддршка на Основното училиште со ресурсен центар ---------------. Поради малиот број на ученици во паралелката, на --------------- не му бил доделен образовен асистент. Во текот на наставниот процес, кај ученикот биле забележани појави на изразена нетрпеливост, емоционална вознемореност и повремено агресивно однесување, поради што детето престојувало во училиштето со скратено време, со цел заштита на неговата

благосостојба и безбедноста на другите ученици. Со цел да постапат професионално и во најдобар интерес на детето, стручниот тим на училиштето остварил разговор со таткото на детето при што било посочено дека тие како училиште немаат ингеренции да му доделат образовен асистент, но во неколку наврати биле во комуникација со Комисијата за функционална проценка на деца и младинци и укажале на потешкотиите со кои се соочуваат како училиште. Според наводите во претставката таткото самостојно донел одлука ученикот второто полугодие да го продолжи во Основното училиште со ресурсен центар ---------------, што било и став на стручниот тим од Комисијата за функционална проценка --------------- која потврдила дека најдобар напредок во едукацијата, емоционалното и менталното здравје ќе се постигне доколку детето се префрли во ---------------. Поради тоа сметаат дека наводите за дискриминација на ученикот од страна на училиштето се неосновани и не кореспондираат со фактичката состојба и постапувањето на училиштето.

--------------- во однос на поднесената претставка достави одговор во кој наведува дека не е обезбеден од нивна страна образовен асистент за ученикот ---------------, бидејќи во мислењето за функционалната проценка бр. --------------- од ---------------.2024 година кое е доставено до училиштето, во делот на препорачани услуги не е наведена услугата образовна асистенција која треба да ја обезбеди училиштето.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е извршена директна дискриминација кон малолетниот --------------- кој е дете со аутизам врз основа припадност на маргинализирана група, образование, попреченост и здравствена состојба во областа на образование, наука и спорт. Од утврденото произлегува дека не е идентификуван нееднаков третман, ниту понеповолно или различно постапување во споредба со други ученици во иста ситуација, од причини што обезбедувањето на услугата образовна асистенција се врши врз основа на мислење на Комисијата за функционална проценка, во кое не била предвидена наведената услуга за малолетното дете.

Сепак, иако во конкретниот случај не е утврдено директно различно постапување, Комисијата утврди дека:

- Ученикот униможел да го следи наставниот процес во целосен обем (учел со скратена настава);
-
- Не му била обезбедена соодветна индивидуализирана поддршка која би овозможила ефективно учество;
- Има институционални ограничувања (недостатокот на кадар или непостоење на формална препорака од Комисијата за функционална проценка) кои не смеат да бидат оправдување и да доведат до ограничување на правото на образование;
- Резултатот од постапувањето е фактичка исклученост од редовниот образовен систем

- Согласно Концепцијата за инклузивно образование, поддршката на учениците со посебни образовни потреби, не се сведува исклучиво на обезбедување на образовен асистент, туку опфаќа широк спектар на педагошки, стручни и организациски мерки со цел ученикот да учествува во наставата и да се образува во заедницата во која живее.

Ваквата состојба, иако произлегува од формално еднаква примена на правилата, има несразмерно негативно влијание врз ученикот со попреченост, што претставува индиректна дискриминација.

Недостатокот на кадар или административни ограничувања не претставуваат објективно и разумно оправдување за ограничување на правото на образование.

**Комисијата дополнително укажува дека, согласно меѓународните стандарди, особено Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, необезбедувањето на соодветно прилагодување претставува форма на дискриминација**.

Во конкретниот случај, отсуството на соодветни мерки за поддршка, вклучително и алтернативни форми на образовна асистенција, укажува на необезбедување соодветно прилагодување.

Врз основа на член 24 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на ООН, лицата со попреченост имаат право на образование без дискриминација. Земјите мора да гарантираат дека лицата со попреченост можат да пристапат до инклузивно, квалитетно и бесплатно основно и средно образование, на еднаква основа со другите, во местата каде што живеат. Државата треба да гарантира дека е обезбедено разумно прилагодување согласно барањата на поединецот.

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.“

Врз основа на член 4 став 4 од истиот Закон „Соодветно приспособување“ е неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможувањето на соодветно приспособување е дискриминација.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната

## П Р Е П О Р А К А

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ---------------, во рок од 90 дена да изготват упатство за обезбедување на соодветно прилагодување, согласно Концепцијата за инклузивно образование, со кое ќе се утврдат видовите, постапките и начинот на соодветно приспособување, педагошките, стручните и организациските мерки, како и да се дефинира улогата на основните општински училишта, со цел учениците со попреченост да учествуваат во наставата и да ја следат настаната програма во училиштата во општините во кои живеат.

2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ---------------, во рок од 30 дена да обезбеди редовна координација со --------------- и родителите на ученикот во насока на обезбедување поддршка на ученикот за негово враќање во училиштето.

3. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ---------------, во рок од 30 дена да изготви план со кој ќе предвиди прилагодување на наставната средина и наставниот процес и ќе обезбеди соодветна стручна поддршка, со цел да создаде услови образованието на ученикот да се одвива во местото на живеење;

4. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ---------------, во рок од 60 дена да спроведе обуки за наставниците и стручните соработници во --------------- за работа со ученици со попреченост, како и да обезбеди континуирана стручна и менторска поддршка на училиштето, вклучително насоки за адаптација на наставата и да придонесе за создавање на услови ученикот да ја следи модифицираната наставна програма во училиштето во заедницата во која живее.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Душан Томшиќ


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk